Frederik Shopen 1/2, 1000 Skopje, Macedonia
+ 389 2 6156168, www.financethink.mk info@financethink.mk

04.10.2016

**Предмет: Барање за понуда за Финансиски менаџер на проект**

Finance Think – Институт за економски истражувања и политики, Скопје, со седиште на адреса: ул. Фредерик Шопен 1/2, Скопје, во рамки на проектот "Унапредување на активното вклучување на маргинализираните лица исклучени од пазарот на труд"со референтен број 12-9137/1 финансиран од Европската Унија во рамките на ИПА- Програма за поттикнување на социјална инклузија, има потреба од прибирање **понуди за Финансиски менаџер на проект**.

**1. <u>За проектот</u>**

Целта на проектот е да се зголеми активацијата на лицата кај кои постои ризик од социјално исклучување од пазарот на трудот, преку подобрување на нивните вештини, образование, обука и олеснување на нивната целосна интеграција во општеството и пазарот на трудот.

**2. <u>Главни задачи и активности</u>**

Финансискиот менаџер ќе биде одговорен да обезбеди:

- Финансиско административно водеење на документите;
- Подготовка и спроведување планови за набавка;
- Подготовка на финансиски извештаи периодични и заклучни за донаторот и партнерот, на англиски јазик;
- Финансиски менаџмент со средствата на проектот;
- Финансиска контрола на трошењето на средствата согласно буџетот
- Редовна комуникација со донатор и партнер на проектот;
- Други активности поврзани со финансиско-административните активности на проектот.

**3. <u>Очекувани резултати</u>**

Квалитетен, точен и навремен финансиски менаџмент.

**4. <u>Место/Времетраење на ангажманот</u>**

Финансискиот менаџер ќе биде ангажиран 20 часа неделно (пола работно време месечно), согласно потребите на проектот од октомври 2016 до 15 август 2017 година. Ангажманот е во канцелариите на Finance Think.

**5. <u>Потребни квалификации</u>**

За да се смета за квалификуван во извршување на задачите, преведувачот мора да ги исполнува следниве, општи и специфични квалификации и вештини:

- **Општи квалификации**
  - Универзитетска диплома по Сметководство или Финансиски менаџмент, ;
  - Одлично познавање на македонски и англиски јазик;
  - Одлично познавање на MS Office пакет;
- **Специфично професионално искуство:**
  - Минимум 5 години искуство во финансиско известување;
  - Познавање на даночната регулатива во Македонија;
  - Искуство во набавки;
  - Искуство во контрола на буџети;
  - Искуство во електронско банкарство;
  - Искуство со комуникација со странски донатори, компании или ИПА проекти, ќе се смета за предност;.

Сите Заинтересираните страни, своите понуди заедно со CV треба да ги достават по електронски пат на info@financethink.mk **најдоцна до 11 октомври 2016 година, 16:00 часот**.

Frederik Shopen 1/2, 1000 Skopje, Macedonia
+ 389 2 6156168, www.financethink.mk info@financethink.mk

Цените да бидат изразени како месечна бруто плата за ангажман од 20 часа неделно (пола работно време месечно). Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и треба да биде искажана без данок на додадена вредност (без ДДВ)*.

Забелешка: Апликациите на државните службеници и/ или останатиот персонал тековно вработени во јавната администрација нема да бидат земени во предвид.

*Проектот е ослободен од обврската за плаќање ДДВ по издадени фактури, па согласно законот фактурите издадени од добавувачи кои се ДДВ обврзници, треба да бидат генерирани од системот на УЈП, согласно податоците дадени во Решението за регистрација на даночен обврзник како прилог на ова барање.